# СООПШТЕНИЕ

Во рамките на Форумот на здравствените фондови од регионот кој што се одржува деновиве во Охрид, се одржа сесија посветена на секундарната здравствена заштита на пациентите (амбулантски специјалистички услуги) на која што земаа учество директорката за финансии на ФЗОМ м-р. Татјана Лукановска, директорот директорот за развој на фондот во Република Српска г-н. Зоран Караліќ, директорот за развој и информатика на црногорскиот фонд г-н. Зоран Гломазиќ и директорот за развој на литванскиот фонд г-н. Гинтарас Качевичиус.

Четворицата секторски директори имаа презентации на кои што ги споделија искуствата и начинот на организирање на амбулантската специјалистичка здравствена заштита во нивните земји.

Споредбениот заклучок од сите презентации е дека специјалистичката здравствена заштита во сите држави бележи тренд на постојан развој и реорганизација, при што се тежнее кон максимална стручна ефективност и искористеност на капацитетите, а во интерес на пружање на подобри и поквалитетни здравствени услуги на пациентите.

М-р Татјана Лукановска во својата презентација главен акцент стави на специјалистичките пакети кои што ФЗОМ ги воведе како реформа од 1ви мај 2010 година. Во презентацијата беше објаснето дека 80% од специјалистичките услуги се класифицирани во 13те специјалистички пакети, и дека останатите 20% (дополнителни услуги – лабараториски, рентгенски и хистопатаолошки услуги) се планира да се кодираат на овој начин во пакети до крајот на годината, со што од 2011 година Фондот би се претворил во комплетен купувач на здравствени услуги, и во делот на ДСГ и во делот на амбулантските услуги.

Интересно е да се каже дека од сите земји учеснички на форумот (Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора, Република Српска, Босанско-херцеговачката федерација, Хрватска, Словенија, Унгарија, Турција и Литванија) само во нашата земја се воведени специјалистичките пакети. Останатите учесници покажаа големо интересирање за оваа реформа, бидејќи во некои од нив веќе се работи на подготовка на воведување на овие пакети, а во некои се размислува на отпочнување на процесот за воведување. Преставниците на сите останати фондови беа сложни во оценката дека Македонија е успешен пионер во воведувањето на специјалистичките пакети, и дека со овој начин на кодирање се воведува поголема транспарентност, отчетност и ефикасност во финансирањето на специјалистичко консултативни здравствени услуги.

Македонија 6б, 1000 Скопје • Тел: 02 3289.000 • Факс: 02 3289.048
w w w . f z o . o r g . m k